Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмети оформени по пријави доставени од подносителот -------, на продолжението од 39 - та седница одржано на 15.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1327/1 од 12.03.2019 год и со број 12-1900/1 од 23.03.2019 година оформени по пријави доставена од подносителот ----------------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1327/1 од 12.03.2019 год, и со број 12-1900/1 од 23.03.2019 година, поради тоа што наводите во пријавите не се потврдени.

Предметот со број 12-1327/1 од 12.03.2019 год и со број 12-1900/1 од 23.03.2019 година да се затворат и да се архивираат.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметите со број 12-1327/1 од 12.03.2019 год и со број 12-1900/1 од 23.03.2019 година оформени по пријави доставени од подносителот ---------. По извршената административна проверка во двата предмети беше утврдено дека се исполнети условите двата предмети да се спојат од причини што се работи за предмети оформени по две одделно доставени, пријави во кои се содржани наводи за ист конкретен случај и за исто лице, за што е изготвена Службена белешка за спојување на предметите број 12-1327/1 од 12.03.2019 год и со број 12-1900/1 од 23.03.2019 година.

Во пријавата/те се наведуваат наводи за сомневања за сторени незаконитости во постапката за вработување на едно лице на работно место- педагог на определено време во ОУ "------------.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-158/1 од 13.01.2020 година со кое побара од Директорот на ОУ "--------------- да достави целосна информација за конкретниот случај со прилог барана информација.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Директорот на ОУ ---------------- со прилог документација.

Дополнително, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК со Барање за прибарање податоци и информации со број 12-501/2 од 09.06.2020 година побара од Државниот просветен инспекторат во рамките на своите законски надлежности да изврши вонреден инспекциски надзор на постапката за вработување на лице на работно место-педагог на определено време во ОУ ------------------, од аспект на тоа :

- Колку кандидати се пријавиле на Јавниот оглас за вработување на лице на работно место- педагог на определено време во ОУ "----------------- кој бил објавен на 26.01.2019 година, дали истите ги исполнувале условите утврдени во јавниот оглас и Законот за основно образование и дали избраниот кандидат ги исполнува условите за избор на работо место-педагог односно дали пријавените кандидати приложеле Уверение за положен стручен испит и Потврда за процена на карактеристикитеод Педагошка служба (да се наведе одделено за секој кандидат),
- Дали лицето ------------- додека извршува работни задачи во ОУ ---------------- (да се наведат работните задачи) истовремено извршува работни задачи во заводот за рехгабилитација на деца со оштетен слух и говор --------------- (да се наведат работните задачи), доколку извршува задачи по кој правен основ ги извршува истите и дали има согласност од надлежен орган за вршење на тие задачи.

Во законски утврдениот рок беше доставено Известување од Државниот просветен инспекторат со констатации од извршениот вонреден инспекциски надзор во споменатото училиште.

При разгледување на предметниот случај и прибавените одговори, ДКСК го утврди следното:

- На ден 26.01.2019 година бил објавен јавен оглас за вработување на определено време на наставен и друг кадар, каде во точка 1 било наведено работно место педагог на определено полно работно време во ОУ "-------------------.
- За работното место под реден број 1 се пријавиле двајца кандидати - -------------. Двајцата кандидати се со соодветно образование согласно Законот за основно образование и Нормативот за стручни соработници. Кандидатот ----------------- е без положен стручен испит додека --------- со положен стручен испит.
- Директорот со Одлука бр. 04-61/1 од 08.02.2019 година извршил избор на педагог и ја избрал ----------. Во врска со донесената Одлука за избор на педагог од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека Директорот постапил согласно членот 80 став 4 од Законот за основно образование каде стои:

  “На јавниот оглас за засновање на работен однос за наставник, стручен соработник, односно воспитач може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено работно време до крајот на учебната година“. На денот на донесување на одлуката за избор на педагог била во важност оваа одредба од Законот за основно образование.
- По однос на наводот дека избраниот кандидат не доставил уверение за положен стручен испит односно потврда за процена на карактеристиките, преку извршен тест, Државниот просветен инспекторат утврдил дека согласно член 85 став 12 и 13 од истиот закон, наставниците и стручните соработници кои ги исполнуваат условите, пред полагање на стручниот испит, се упатуваат на

полагање на тест на процена на карактеристиките. Со оглед на тоа дека избраниот кандидат е приправник, без положен стручен испит, истиот немал можност да достави потврда за проценка на карактеристиките бидејќи истата се стекнува по доставување на документацијата за полагање на стручен испит, кога се врши тестирањето на кандидатите.

- Стручниот соработник ------------- положила стручен испит на 18.11.2019 година (Уверение бр.11-392/3 од 27.11.2019 г), а на 02.06.2020 година била извршена трансформација на нејзиниот работен однос од определено на неопределено работно време.
- По однос на наводот дали постојниот вработен педагог ---------- додека извршува работни задачи во ОУ ------------- истовремено извшрува работни задачи во Заводот за рехабилитација ------------- Директорот на училиштето изјавил дека вработениот педагог редовно и навремено ги извршува работните задачи во училиштето и дека нема дадено согласност истиот да дополнува во друго правно лице, односно кај друг работодавач, а се што се работи надвор од работно време не е во негова надлежност.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, како и известувањето на Државниот просветен инспекторат дека при вршење на вонредниот инспекциски надзор на споменатата постапка за вработување не утврдил повреда на законските и други прописи, ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се потврдени и предметите да се затворат и да се архивираат. Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П. Д, заменик претседател и член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**